Australian Government
Department of Health, Disability and Ageing



# За *Законот за нега на стари лица од 2024 година*

# About the *Aged Care Act 2024*

Новиот Закон за нега на стари лица ќе почне да се применува од 1-ви ноември 2025 година. Тој ќе биде главниот закон што одредува како работи системот за нега на стари лица. Во овој информативен лист се дава резиме на секое поглавје на законот и се објаснува што прави австралиската влада за да ги поддржи промените сега и во иднина.

## Заднина на новиот закон

Royal Commission into Aged Care Quality and Safety (Royal Commission) [Кралската комисија за квалитет и безбедност на негата на стари лица] го објави нејзиниот завршен извештај во март 2021 година. Во него се наведени начините за подобрување на системот на нега на стари лица. Препорака број еден на Кралската комисија до австралиската Влада беше да подготви нов закон за нега на стари лица заснован врз права.

Побаравме од секој да даде повратни мислења за промените на законот за нега на стари лица и во септември 2024 година го поднесовме на разгледување Законот за нега на стари лица од 2024 година. Тој беше усвоен од австралискиот Парламент (Парламентот)

во ноември 2024 и беше одобрен како нов закон на 2 декември 2024 година. Новиот Закон за нега на стари лица ќе почне да се применува од 1-ви ноември 2025 година.

Во ноември 2024 година, Парламентот исто така го усвои Aged Care (Consequential and Transitional Provisions) Bill 2024 [Нацрт законот за нега на стари лица (Последични и преодни одредби) од 2024 година]. Овој законски документ ја поддржува промената во нови Закон за нега на стари лица.

## Преглед на новиот закон

Новиот закон е одговор на 58 препораки од Кралската комисија. Исто така, тој создава закони за:

- Statement of Rights [Изјава за правата на постарите луѓе]
- кој може да добива услуги на нега на стари лица
- финансирање на услугите за нега на стари лица дадени според новиот Закон, вклучувајќи што ќе плати владата, а што ќе се бара да биде платено од постаторото лице
- програмата Support at Home [Поддршка дома]
- зајакнување на Aged Care Quality Standards [Стандардите на квалитет на негата на стари лица] - ова определува како треба да изгледаат услуги на квалитетна и безбедна нега на стари лица
- поголеми овластувања на регулаторот, Aged Care Quality and Safety Commission [Комисијата за квалитет и безбедност на негата на стари лица].

Цел на новиот закон е да го зајакне системот на нега на стари лица во Австралија. Тоа влијае на сите кои се дел од системот на нега на стари лица. Законот ќе:

- промени како давателите на услуги на нега на стари лица даваат услуги на постари луѓе во нивните домови, во заедницата и во домовите за резиденцијална нега
- воведе закони за да се осигура дека негата на стари лица е безбедна и дека луѓето се третираат со почитување и имаат квалитетен живот
- ги замени сегашните закони за нега на стари лица.

Новиот закон ги покрива услугите на нега на стари лица кои сега ги финансира владата. Ова вклучува програми кои законите за нега на стари лица не ги покриваа во минатото. На пример, програмата National Aboriginal and Torres Strait Islander Flexible Aged Care (NATSIFAC) [Национална флексибилна нега на стари лица по потекло Абориџини и Островјани од Теснецот Торес] и Commonwealth Home Support Programme (CHSP) [Програма на домашна поддршка на Комонвелтот].

Новиот закон исто така има нов регулаторен модел за управување со негата на стари лица. Целта на овој модел е да им помогне на регистрираните даватели да укажуваат висококвалитетна нега на стари лица и да бидат поодговорни.

## Поглавје 1 - Вовед

Во Поглавјето 1 се објаснуваат идеите и изразите што се користат во новиот закон. Тоа обезбедува сите да ги користат изразите на ист начин, а улогите и должностите да се јасни.

Поглавјето 1 вклучува:

- целите на новиот закон – опис на целта на законот
- Изјава за правата - одредува кои права постарите луѓе ги имаат во системот на нега на стари лица
- Statement of Principles [Изјава за приниципите] - упатува како работниците и организациите мора да се однесуваат и да донесуваат одлуки според новиот закон.

Во поглавјето исто така се објаснува улогата на поддржувачите (supporters) да им помогнат на постарите луѓе да донесуваат одлуки.

## Поглавје 2 - Влегување во системот на нега на стари лица

Поглавјето 2 покрива кој може да користи финансирани услуги на нега на стари лица.

Тоа вклучува на која возраст мора да бидат луѓето за да добиваат нега на стари лица. Тоа ќе помогне да се исполни целта на владата да нема помлади луѓе кои живеат во старски домови.

Ова поглавје покрива како на луѓето им се одобрува користење на услуги на нега на стари лица. Единствен процес на проценување обединува различни услуги за процена во еден систем.

Поглавјето 2 исто така го вклучува процесот за тоа:

- како ги проценуваме потребите и одлучуваме за финансирањето на резиденцијална нега користејќи ја Australian National Aged Care Classification (AN-ACC) [Австралиската национална класификација на нега на стари лица]
- како ги проценуваме потребите и одлучуваме за услугите што некое лице може да ги добие, и за финансирањето за програмата Support at Home
- кој добива приоритет за финансирани услуги на нега на стари лица
- како луѓето добиваат место за пристап на услуги на нега на стари лица.

## Поглавје 3 - Регистрирани даватели на услуги, работници и оператори на дигитални платформи

Давателите мора да бидат регистрирани кај Комисијата за квалитет и безбедност на негата на стари лица (Commission) пред да можат да даваат услуги на нега на стари лица. Во Поглавјето 3 се објаснува како Комисијата ќе ги проценува апликациите за регистрација. Исто така, Комисијата ќе ги одобрува домовите за резиденцијална нега како дел од овој процес.

Во Поглавјето 3 се одредуваат правилата и обврските на:

- регистрираните даватели на услуги, дури и ако се претприемачи за некои услуги
- работниците
- одговорните лица - луѓе со раководни улоги кај давателите на услуги на нега на стари лица.

Комисијата ќе може да преземе регулаторна постапка ако давателот не ги исполнува условите за регистрација. Тоа може да вклучува сериозни граѓански казни.

Во Поглавјето 3 исто така се наведуваат нови должности за регистрираните даватели и одговорните лица. Исто така, има нови должности за операторите на дигитални платформи кои прават веб-страници за нега на стари лица, апликации или системи за поддршка на давањето услуги на нега на стари лица.

## Поглавје 4 - Цени, плаќања и субвенции

Во Поглавјето 4 се објаснува како ќе функционира финансирањето на услугите на нега на стари лица. Тоа вклучува што ќе плаќа владата и што регистрираните даватели може да побараат од постарите лица да платат.

Во Поглавјето 4 се одредува:

- кога финансирањето од владата ќе биде врз основа на субвенции и дотации
- кога финансирањето се исплатува преку специјалистички програми за нега на стари лица, како што се CHSP или NATSIFAC.

Во Поглавјето 4 се наведува дека делови од субвенциите се врз основа на потребите на лицето, а делови врз основа на фиксните цени на давателот.

Во ова поглавје исто така се одредува што луѓето можеби треба да платат за финансирани услуги на нега на стари лица и како давателите мора да постапуваат во врска со тие плаќања.

Во поглавјето е наведено како тестирањето врз основа на средства (means testing) функционира за резиденцијалната нега и за Support at Home [Поддршка дома]. Тестирањето врз основа на средства не се однесува на програмите на специјалистичка нега на стари лица.

Поглавјето 4 содржи правила како регистрираните даватели можат да:

- потпишат договори за сместување со постари лица
- наплатуваат за сместувањето
- постапуваат со депозитите за сместување кои се рефундираат.

## Поглавје 5 - Управување со системот на нега на стари лица

Во Поглавјето 5 се објаснува кој и како ќе раководи со системот на нега на стари лица. Тоа се вика управување.

Со системот на нега на стари лица ќе раководат низа функционери:

- Секретарот на Department of Health, Disability and Ageing [Министерството за здравство, попреченост и стареење], наречен System Governor [Гувернер на системот] - управува со тоа како системот за нега на стари лица функционира, вклучително праведен пристап до услугите
- Inspector-General of Aged Care [Генералниот инспектор на негата на стари лица] – го надгледува системот на нега на стари лица и поднесува извештаи на Парламентот
- Aged Care Quality and Safety Commissioner (Commissioner) [Началникот за квалитет и безбедност на негата на стари лица] – управува со регистрирањето на даватели и ги регулира квалитетот, безбедноста и финансиските прашања на негата на стари лица. Тие исто така обезбедуваат давателите на нега на стари лица да работат на отворен и етички начин
- Complaints Commissioner [Началникот за жалби] – работи со жалби поднесени до Комисијата
- Aged Care Quality and Safety Advisory Council [Советодавниот одбор за квалитет и безбедност на негата на стари лица] – ја надгледува работата на Комисијата.

## Поглавје 6 - Регулаторни механизми

Началникот, Началникот за жалби и Гувернерот на системот ќе имаат низа овластувања за извршување на нивните должности. Во Поглавјето 6 се објаснува како тие ќе ги користат тие овластувања. Во ова поглавје исто така се објаснува кога Началникот може да дозволи на овластено лице да влезе во дом за резиденцијална нега без согласност на давателот на услуги или налог.

Поглавјето 6 дава овластување за добивање информации и издавање предупредување. Овие овластувања обезбедуваат Началникот, Началникот за жалби и Гувернерот на системот да можат да добиваат информаци потребни за извршување на нивните должности.

Поглавјето исто така овозможува користење на налози за забрана. Налогот за забрана е начин работниците и давателите на услуги кои прават погрешни работи да се спречат да даваат некои видови услуги на нега на стари лица.

## Поглавје 7 - Работа со информации

Поглавјето 7 вклучува нови правила за работа со информации во системот на нега на стари лица. Тоа ќе помогне да се заштити приватноста на луѓето. Тоа исто така ќе помогне да се обезбеди информациите за регистрираните даватели да бидат транспарентни.

Поглавјето вклучува:

- ажурирана рамка за работа со информации
- нова дефиниција на заштитени информации
- кој може да собира, користи и открива заштитени информации и кога.

Поглавјето 7 исто така вклучува повеќе за заштитата на „свиркачите“ - луѓето кои пријавуваат проблеми. Тоа е за да се обезбеди дека постарите луѓе, нивните семејства и негуватели и работниците може да пријават информации без да се плашат дека ќе бидат казнети или неправедно третирани.

Луѓето можат да пријават ако знаат или мислат дека некој не постапувал законски.

### Поглавје 8 - Разно

Поглавјето 8 покрива други работи кои ќе го поддржат системот на нега на стари лица. Тоа вклучува:

- Како и кога други лица може да делуваат во име на гувернерот на системот, началникот и началникот за жалби
- кога гувернерот на системот и началникот можат да одобрат формулари, да наплатат цени и да користат компјутерски програми за да донесат конкретни решенија
- дека министерот за нега на стари лица може да воведе правила.

Ова поглавје им овозможува на луѓето да побараат ревизија на некои одлуки што ги донеле Началникот, Началникот за жалби, Гувернерот на системот и Independent Health and Aged Care Pricing Authority [Независната агенција за цени во здравството и негата на стари лица].

Во неа исто така се објаснува дека Гувернерот на системот ќе поднесува извештаи за својата работа и ќе ги преразгледува депозитите за сместување што се рефундираат.

## Поддршка на новиот закон и следни чекори

### Aged Care (Consequential and Transitional Provisions) Act 2024

### [Закон за нега на стари лица (Последични и преодни одредби) 2024]

*Законот за нега на стари лица (Последични и преодни одредби) 2024* стана закон на 10-ти декември. Тоа е законски документ што овозможува новиот закон за нега на стари лица да започне да се спроведува и го поддржува преминувањето на новиот закон.

Неговите четири главни цели се:

- да направи новиот закон за нега на стари лица да биде главен комплет закони за нега на стари лица, отстранувајќи ги законите што сега ги имаме - вклучително *Aged Care Act 1997* [Законот за нега на стари лица од 1997 година], *Aged Care Quality and Safety Commission Act 2018* [Законот за Комисија за квалитет и сигурност на негата на стари лица од 2018 година] и *Aged Care (Transitional Provisions) Act 1997* [Законот за нега на стари лица (Преодни одредби) од 1997 година]
- да обезбеди законите за информации за негата на стари лица да се во согласност со *Законот за нега на стари лица од 2024 година*, наместо со старите закони

- да го објасни начинот на кој сегашните закони ќе се променат со новиот закон од 1-ви ноември 2025 година
- да ги промени законите за слобода на информациите, *National Disability Insurance Act 2013* [Националниот закон за осигурување на лица со попреченост од 2013 година] и *Crimes Act 1958* [Законот за кривични дела од 1958 година] да ги земат предвид препораките 77 и 88 на Кралската комисија.

Тоа ќе обезбеди постарите луѓе да продолжат да добиваат безбедна и квалитетна нега додека преминуваме на новиот закон. Тоа исто така овозможува одобрените даватели на нега на стари лица да станат регистрирани даватели според новиот систем.

## Добивање повратни информации за правилата

Комплет правила ќе го поддржуваат новиот закон. Правилата објаснуваат како новиот закон ќе се спроведува. Ние можеме да ги преразгледуваме и менуваме тие детали со текот на времето, ако биде потребно. На пример, ако се појават проблеми или има промени кон подобра пракса.

Повеќето правила веќе постојат и ќе станат дел од новиот закон. Но, ќе има некои нови правила. На пример, правила кои објаснуваат како ќе функционира финансирањето на програмата Support at Home.

Би сакале да добиеме повратни информации за да нѝ помогнат да:

- ги подобриме правилата врз основа на тоа што заедницата нѝ кажува
- обезбедиме дека правилата вклучуваат повратни информации што ги добивме во претходни консултации
- дознаеме што им треба на давателите за да се подготват за новиот закон.

Консултациите се исто така начин да се помогне секој да разбере како правилата влијаат врз постарите луѓе и врз нивната нега.

Дознајте повеќе за консултациите за правилата на www.health.gov.au/our-work/aged-care-act/consultation.

## Помош на луѓето да се подготват за новиот закон

Ние ќе ги поддржиме постарите луѓе, нивните семејства и негуватели, и секторот за нега на стари лица да се подготват за новиот закон.

Ќе обезбедиме луѓето опфатени со промените да разберат:

- што тоа ќе значи за нив, што се менува и што останува исто
- што треба да направат за да се подготват и кога да направат промени
- кои информации и упатства ние ќе дадеме и кога и како да се добијат.

Формиравме Работна група за преминување на нега на стари лица [Aged Care Transition Taskforce] за да му помогнеме на секторот за нега на стари лица да се приспособи на новиот закон. Работната група ќе соработува со секторот за да открива и решава проблеми, и да дава совети на владата.

Луѓето во работната група се стручњаци со низа искуства во негата на стари лица. Меѓу нив се луѓе со искуство во и со регулативата, давањето услуги, образованието и обуката, податоци и дигитални активности, постари луѓе, народите од Првите нации, вработените во негата на стари лица, клиничка нега и примарна нега.

Работната група исто така ќе ги надгледува и предводи промените за да обезбеди нивно правилно спроведување.

Дознајте повеќе за Работната група на https://www.health.gov.au/committees-and-groups/aged-care-transition-taskforce.